Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06.03.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 1741 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **контролен**

**2. Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ ДОО Охрид - аналоген пакет

**3. Датум на извршување на надзорот:** 06.03.2015 година.

**4. Предмет на надзорот:**

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот постапил по Решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр. 11-344 од 02.02.2015 година, издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор на бр.11-625/1 од 27.01.2015 година и Писмениот извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015 година.

Со вонредниот надзор од јануари, беше констатирано дека овој оператор ги реемитува програмските сервиси „Fox“, „Fox Movies“, „Fox Crime“, и „24 Kitchen“ кои што биле регистрирани во Агенцијата врз основа на доставена дозвола за емитување во Република Македонија, издадена од регулаторното тело во Република Бугарија. Со оглед на тоа дека дозвола за емитување во Република Македонија може да издаде само АААВМУ, беше издадено Решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси.

**5. Претходно изречена мерка:**

Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр. 11-344 од 02.02.2015 година, издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор на бр.11-625/1 од 27.01.2015 година и

Писмениот извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015 година.

Решението е уредно примено на 04.02.2015 година.

**6. Констатации од надзорот:**

По спроведениот увид во документацијата за регистрација на пакет програмски сервиси е констатирано дека операторот постапил во целост по упатеното Решение. Имено, по издаденото Решение, операторот во Агенцијата поднел уредна и целосна Пријава за регистрација на програмските сервиси наведени во Решението, по што Агенцијата издала Потврда за регистрирање на аналоген програмски пакет бр. 27 (арх бр.11-430 од 20.02.2015 година).

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**